## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 90 став (3) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ПОДДРШКАТА ОД МЕРКИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ, ПРИФАТЛИВИТЕ ТРОШОЦИ И ВИСИНАТА НА ПОДДРШКАТА ЗА ПРИФАТЛИВИТЕ ТРОШОЦИ ПО КОРИСНИК ЗА ПОЕДИНЕЧНА МЕРКА

### Член 1

Во Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/11, 80/13, 72/14, 88/15, 35/16, 59/16, 178/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 77/19 и 214/19), во членот 2 став (1) алинејата 5 се менува и гласи:
„- инвестиции во систем за наводнување на пченка, фуражни култури, повеќегодишни насади и градинарски култури: минимум 2 ха до максимум 10 ха земјоделско земјиште со пченка и/или фуражни култури, односно минимум 0,2 ха до максимум 10 ха земјоделско земјиште со повеќегодишни лозови насади, овошни насади, повеќегодишни насади со ароматични растенија, медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) и/или градинарски култури".

### Член 2

Во членот 5 став (1) во точката ж) зборовите „пченка и фуражни култури" се заменуваат со зборовите "пченка, фуражни култури, повеќегодишни насади и градинарски култури".
Во ставот (2) во алинејата 10 зборовите „пченка и фуражни култури" се заменуваат со зборовите „пченка, фуражни култури, повеќегодишни насади и градинарски култури".

### Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 14-8948/1
29 ноември 2021 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Arjanit Hoxha,** с.р.